1. Висината кон хипотенузата и симетралата на правиот агол се сечат под агол од 12°. Пресметај ги аглите на тој триаголник.
2. Даден е остроаголен триаголник АВС. Симетралата на аголот ВАС, симетралата на страната АС и висината од точкита С се сечат во една точка. Одреди го аголот ВАС?
3. Еден работник некоја работа може да ја заврши за 9 дена, а друг работник истата работа може да ја заврши за 12 дена . Ако им се приклучи трет работник , тројцата, работата би ја завршиле за 4 дена. За колку дена третиот работник сам би ја завршил работата?
4. Колку поштенски марки од по 3 и 7 денари можат да се купат за 125 денари, ако се вкупно 27 марки?
5. Цената на некој материјал била намалена 52%. После намалувањето за 240 денари можело да се купи од материјалот 1м повеќе отколку пред намалувањето за 270 денари . Одреди ја цената на тој материјал прд намалувањето.
6. Пресметај ја вредноста на изразот: $A = 17+2(x+1)^2 - x(4-3x)$ за $x= -20$
7. Ана е 7 пати постара од Павел.После 5 години збирот на нивните години ќе биде 98.Пресметај ги годините на Павел.
8. Во едно училиште има 35% девојчиња, а момчиња за 252 повеќе од девојчињата.Колку момчиња а колку девојчиња има во училиштето?
9. Мајката им дава 60 денари на 3 деца на возраст од 3, 4 и 5 години. Тие ги делат парите во ист размер како и нивната возраст. Колку денари добива секое дете?
10. Две паралелни прави се пресечени со трансверзала и притоа збирот на три внатрешни агли изнесува 250°. Пресметај по колку степени има секој од нив.
11. Масата на три вреќи со пченица е 113 kg. Масата на првата вреќа е 4/5 од масата на втората вреќа, а масата на втората вреќа е 70 % од масата на третата вреќа. Пресметај ја масата на пченицата во секоја вреќа!
12. Реши ја равенката $\frac{x-2}{6} = \frac{x+4}{3} - \frac{5x-16}{12}$
13. Семе за трева е пакувано во кутии од 500g со што може да се посее површина од $15m^2$. Стефан има површина од $54m^2$ што сака да ја посее со трева.
    а) Колку семе му е потребно на Стефан?
    б) Колку кутии треба да купи Стефан (заокружи на цел број кутии)?
14. Триаголникот со координати А(1,3),В(3,3) и С(1,6) да се преслика осносиметрично во однос на симетралата на први и трети квадрант,а потоа да се определат координатите на пресликаниот триаголник и да се пресмета и плоштината на дадениот триаголник?

15. На натпревар по математика допатувале ученици,ученички и наставници. Размерот (односот) на момчиња према девојчиња е 4 : 6, а размерот на ученички спрема бројот на наставници е 18:1. На натпреварот пристигнале вкупно 620 луѓе. Колкав бил бројот на ученици, ученички и наставници одделно?
16. Висините спуштени од темињата А и В кај триаголникот АВС се сечат во точката Н. Определи го аголот АНВ ако аголот кај темето А е 64º и аголот кај темето В е 38º.

17. Одреди ја плоштината на фигурата на цртежот!



18. Ели на екскурзија понела 2000 денари џепарлак. Првиот ден потрошила $\frac{1}{5}$, вториот $\frac{3}{8}$ од остатокот, а третиот уште 200 денари. Колку денари и останале?

19. Марко треба да прочита лектира од 460 страници за три дена. Првиот ден прочитал 299 страници, а вториот за 40% помалку страници од првиот ден.

    а) Колку проценти прочитал првиот ден?
    б) Колку страници треба да прочита третиот ден за да ја заврши лектирата?

20. Во базен од една цевка се влеваат $15\frac{1}{3}$ hl, а од втората цевка се влева уште $18\frac{5}{6}$ hl вода на час. Истовремено од базенот од други две цевки истекуваат $13\frac{3}{4}$ hl и $16\frac{5}{8}$ hl вода на час. Колку литри вода ќе има во базенот по 2,4 часа?

21. Во 3 гајби има 72kg. сливи. Во првата гајба има 80% од сливите во втората гајба, а во третата има 12kg. помалку отколку во втората гајба. По колку килограми сливи има во секоја гајба?

22. Свежото грозје содржи 80% вода, а сувото 6%. Колку килограми свежо грозје се потребни за да се добијат 230 kg. суво грозје?

23. Одреди ги аглите образувани со трансверзалата на две паралелни прави, ако еден од аглите е $\frac{1}{5}$ од соседниот агол.

24. Замислив еден број. Го помножив со дропката $\frac{7}{8}$, па ја одзедов дропката $\frac{1}{2}$ и добив $1\frac{1}{4}$. Кој број го замислив?

25. Должината е за 3cm подолга од ширината на еден правоаголник. Ширината е $\frac{4}{7}$ од должината. Колку е периметарот, а колку е плоштината на правоаголникот.

26. Пресметај ги аглите на триаголник ABC ако се знае дека големината на едниот од аглите е еднаква на од $\frac{2}{5}$ големината на вториот и $\frac{1}{4}$ од големината на третиот.

27. Пајак дење се качува 9,8 dm, а ноќе се симнува 15cm. До која висина ќе се искачи по 5 дена?

28. Дадени се два двоцифрени броеви, такви што еден од нив е прост број. Ако на едниот од тие два броја му ја избришеме цифрата на десетките и истата таа цифра ја допишеме на другиот број како цифра на стотки, ќе ги добиеме најголемиот заеднички делител и најмалиот заеднички содржател на почетните броеви.Определи ги почетните броеви така да разликата меѓу најголемиот и најмалиот од добиените четири броеви биде најголема можна.

29. Во базен од една цевка се влеваат $15\frac{1}{3}$ hl, а од втора се влева уште $18\frac{5}{6}$ hl вода на час.Истовремено од базенот од други две цефки истекуваат $13\frac{3}{4}$ hl и $16\frac{5}{6}$ hl вода на час. Колку литри вода ќе има во базенот по 2,4 часа?

30. Круг со периметар 26,69m е впишан во квадрат.Пресметај ја плоштината на квадратот.